ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа
Мисија во Скопје

Република Северна Македонија
Министерство за социјална политика, демографија и млади

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE E DEMOGRAFISË DHE E TË RINJVE - SHKUP
Бр. / Nr. 08-4570/1
23-06-2026 20 год. / viti

# НАГРАДА ЗА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО

## ПОВИК ЗА НОМИНАЦИИ

## I. ЗА НАГРАДАТА

Министерство за социјална политика, демографија и млади (МСПДМ) во соработка со Националниот младински совет на Македонија (НМСМ) и Мисијата на ОБСЕ во Скопје ја доделуваат овогодинешната Награда за младинско учество. Наградата се доделува во три категории: индивидуална категорија „Млади и безбедност" (млади на возраст 15-29), категорија за неформални групи на млади (од најмалку 3 членови) и категорија за младински организации, организации за млади и чадор младински организации. Наградата има за цел да го препознае и валоризира трудот на младите при адресирање на различни општествени прашања.

Наградата за младинско учество препознава иницијативи на млади, неформални групи на млади и младински организации, организации за млади и чадор младински организации кои демонстрираат активно младинско учество, општествено влијание и одржливост и носат мерливи резултати во подобрувањето на заедницата или благосостојбата на општеството преку активностите на номинираниот.

Индивидуалната категорија за 2026 година е посветена на темата „Млади и безбедност" и ќе ги препознае младите кои преку активности и иницијативи придонеле кон градење мир, превенција од насилство кај младите, социјална кохезија, меѓукултурен дијалог, превенција на насилен екстремизам, ненасилство, толеранција и активно учество на младите во процесите поврзани со мирот и безбедноста.

Во рамки на оваа категорија ќе бидат разгледувани исклучиво номинации кои се однесуваат на активности, иницијативи или придонеси од областа „Млади и безбедност" реализирани од страна на номинираното лице.

## II. КАТЕГОРИИ НА НАГРАДИ

Ќе се доделат 3 награди, по една награда во следните категории:

1. **ИНДИВИДУАЛНА КАТЕГОРИЈА „МЛАДИ И БЕЗБЕДНОСТ" (ЗА МЛАДИ НА ВОЗРАСТ ОД 15 ДО 29 ГОДИНИ)**
2. **КАТЕГОРИЈА НА НЕФОРМАЛНИ ГРУПИ НА МЛАДИ (ОД НАЈМАЛКУ 3 ЧЛЕНОВИ)**
3. **КАТЕГОРИЈА НА МЛАДИНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ, ОРГАНИЗАЦИИ ЗА МЛАДИ И ЧАДОР МЛАДИНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ**

## III. УСЛОВИ ЗА НОМИНАЦИЈА

Номинираните млади во индивидуалната категорија и членовите на неформалната група на млади номинирани за Награда за младинско учество треба ги исполнуваат следните услови:

- Да се **државјани на Република Северна Македонија**;
- Да се **на возраст 15 до 29 години** до денот на поднесување на апликацијата;
- Да ја имплементирале активноста, работата или услугите за кои се номинирани на **територијата на Република Северна Македонија**;
- Да ја имплементирале активноста, работата или услугите за кои се номинирани во периодот **јуни 2025 – мај 2026**;
- Да покажат дека тие имале **клучна улога** во активноста за која се номинирани.

За индивидуалната категорија, ќе се разгледуваат исклучиво номинации кои се однесуваат на активности и иницијативи од областа на „Млади и безбедност".

Младинските организации, организациите за млади и чадор младинските организации кои се номинирани за Награда за младинско учество треба ги исполнуваат следните услови:

- Да бидат регистрирано **здружение или фондација во Република Северна Македонија** согласно Закон за здруженија и фондации;
- Да се впишани како една од формите на младинско организирање во **Регистарот на форми на младинско организирање на Министерството за социјална политика, демографија и млади**, согласно Законот за младинско учество и младински политики;
- Да имаат најмалку **две години активно постоење**;

Државните службеници, политички-именувани лица, персоналот на јавните претпријатија и/или лидерите на политичките партии не можат да бидат номинирани за Награда за младинско учество.

## IV. КРИТЕРИУМИ ЗА НОМИНАЦИЈА

Идеалните кандидати за Наградата за младинско учество:

- Демонстрираат исклучителна посветеност и придонес кон подобрување на животот во општеството;
- Покажуваат силно младинско учество, лидерство и активно вклучување на млади во имплементација на активноста;

- Остваруваат видливо влијание врз младинските политики и промени на локално и/или национално ниво;
- Спроведуваат долготрајни и одржливи решенија за општествени предизвици;
- Покажуваат потенцијал за раст и репликабилност на иницијативата;
- Се препознатливи помеѓу врсниците и пошироката заедница;
- Применуваат креативни и иновативни пристапи за вклучување на заедницата во решавањето на општествени прашања;
- Развиваат или поддржуваат можности за младите да учествуваат во активности кои имаат позитивен придонес кон општеството и нивниот развој;
- Вклучуваат лица во социјален ризик во напорите за решавање на општествени прашања;
- Преземаат дејствија кои носат долготрајни и одржливи решенија за општествени прашања;

За индивидуалната категорија „Млади и безбедност", ќе се применуваат критериумите утврдени за оваа категорија, со фокус на придонесот во областа на мир, безбедност и општествена кохезија, вклучително:

- промовирање на мир, ненасилство и толеранција;
- активности поврзани со спречување на насилство кај младите;
- застапувачки иницијативи или активности за промоција на Youth, Peace, and Security (YPS) агендата;
- меѓукултурен, меѓуетнички и меѓугенерациски дијалог;
- градење социјална кохезија и доверба во заедниците;
- заштита и промоција на човекови права;
- спречување на дискриминација, говор на омраза, негативни наративи и насилен екстремизам;
- активно учество на младите во иницијативи поврзани со мир и безбедност.

Нема да се разгледуваат номинации за активности спроведени од поединци или групи кои вклучуваат:

- Поддршка или лобирање во име на политичка партија;
- Верски активности;
- Академско истражување или работа за личен професионален развој.

## V. НАГРАДА

Наградата има за цел да го препознае и валоризира трудот на младите при адресирање на различни општествени прашања, а финансиската поддршка ќе обезбеди унапредување на работата и активизмот на добитникот. Висината на Наградата за младинско учество по категории е следната:

- 1,500 евра за **индивидуална** категорија „Млади и безбедност";
- 3,000 евра за **неформални групи на млади**; и
- 3,000 евра за **младински организации**.

## VI. НАСОКИ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НОМИНАЦИЈА

Номинациите за секоја од категориите можат да бидат поднесени од страна на индивидуални лица, организации, институции, медиумски сектор, бизнис сектор или други членови на заедниците. Наградите ќе бидат доделени и презентирани на пошироката јавност на Меѓународниот ден на младите (12 август 2026) во Скопје.

Поднесувањето на вашата номинација можете да го направите на следниот линк:

➢ **НОМИНАЦИЈА ЗА НАГРАДА ЗА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО 2026**

Рокот за поднесување на номинации е до **07 јули 2026, 23:59 ч**.

## VII. КРИТЕРИУМИ И ПОСТАПКА ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

По завршувањето на процесот за поднесување номинации, сите пријави ќе бидат разгледани согласно технички критериуми, со цел да се утврди дали ги исполнуваат основните услови за понатамошно разгледување. Овој преглед ќе опфати потврда дали номинираниот е на возраст од 15 до 29 години, дали активноста е спроведена на територијата на Република Северна Македонија, како и дали истата е реализирана во периодот од јуни 2025 – мај 2026.

Номинациите кои успешно ќе ја поминат техничката проверка ќе бидат детално разгледани од страна на комисија за евалуација, која ќе селектира најмногу три кандидати по категорија за понатамошната фаза на јавно онлајн гласање. Комисијата ќе ги оценува номинациите според однапред утврдени критериуми, распоредени во четири категории:

| Категорија | Критериум | Вкупно Бодови |
|---|---|---|
| **1. Младинско учество** (најмногу 40 бодови)<br>* за сите категории | Лидерство | 15 |
| | Вклученост на млади во имплементација | 15 |
| | Разновидност (вклучување на различни групи, родова застапеност итн.) | 10 |
| **2. Влијание** (најмногу 30 бодови)<br>* за неформални групи и младински организации (категорија 2 и 3) | Поддржува млади од маргинализирани заедници / специфични таргет групи | 10 |
| | Импакт врз младинските политики (локално/национално) | 10 |
| | Граѓански ангажман и општествено влијание | 10 |
| **2. Влијание** (најмногу 30 бодови)<br>* за индивидуална категорија „Млади и безбедност" | Придонесува кон зголемена доверба помеѓу различните заедници и градење на социјална кохезија како и спречување на насилството кај младите | 10 |
| | Креира простор за меѓукултурен, меѓуетнички или меѓугенерациски дијалог | 10 |
| | Градење мир и застапување за толеранција и ненасилство | 10 |
| **3. Одржливост и соработка** (најмногу 20 бодови)<br>* за сите категории | Преземаат дејствија кои носат долготрајни и одржливи решенија за општествени прашања | 10 |
| | Остварена соработка со други чинители | 5 |
| | Потенцијал за раст и репликабилност на иницијативата/активностите | 5 |
| **4. Иновација** (најмногу 10 бодови)<br>* за сите категории | Креативни и иновативни пристапи за решавање на општествени прашања | 5 |
| | Креативни и иновативни пристапи за вклучување на млади | 5 |
| **Вкупно бодови** | | **100** |

***МЕТОДОЛОШКА НАПОМЕНА ЗА ОЦЕНУВАЊЕ ЗА ИНДИВИДУАЛНАТА КАТЕГОРИЈА „МЛАДИ И БЕЗБЕДНОСТ“,**

При оценувањето на номинациите во индивидуалната категорија „Млади и безбедност“, во однос на младинско учество, одржливост и соработка и иновација комисијата ги применува истите критериуми за бодирање како за останатите категории, со дополнителен фокус на квалитативната проценка на придонесот во областа на мирот, безбедноста и општествената кохезија.

Во однос на влијанието, во индивидуалната категорија вметнати критериуми кои даваат поголема тежина во оценката на активности кои демонстрираат реален и директен придонес кон: градење мирни и инклузивни заедници, промоција на толеранција и човекови права, намалување на дискриминација и говор на омраза, како и активно и значајно младинско учество во иницијативи од оваа област.

Комисијата е должна да обезбеди конзистентна примена на овие насоки при оценувањето на сите номинации во оваа категорија.

## VIII. ВРЕМЕНСКА РАМКА

| | |
|---|---|
| ПОВИК ЗА НОМИНАЦИИ ЗА НАГРАДАТА ЗА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО | 23 ЈУНИ 2026 |
| **РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА НОМИНАЦИИ** | 7 ЈУЛИ 2026 |
| РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА НОМИНАЦИИ И СЕЛЕКТИРАЊЕ НА ПОТЕСЕН КРУГ | 8-10 ЈУЛИ 2026 |
| **ПРОЦЕС НА ЈАВНО ОНЛАЈН ГЛАСАЊЕ** | **15 ЈУЛИ – 05 АВГУСТ 2026** |
| ИЗВЕСТУВАЊЕ НА ДОБИТНИЦИ | 5-10 АВГУСТ 2026 |
| **НАСТАН ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДАТА ЗА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО** | **12 АВГУСТ 2026** |

* Горенаведените датуми се подложни на промена